Европските денови на културно наследство (ЕДКН) претставуваат најголем европски настан којшто го одбележуваат луѓето низ цела Европа. Секоја година се организираат над 70 000 настани во земјите – потписнички на Европската културна конвенција и привлекуваат околу 30 милиони посетители. ЕДКН, како заеднички проект на Советот на Европа и Европската комисија, е единствена иницијатива што потекнува од базата и е споделена од милиони Европјани.

# МЛАДИ ЕВРОПСКИ КРЕАТОРИ НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

## *ШТО Е ТОА?*

Децата и младите луѓе имаат клучна улога во иднината на заштитата и промоцијата на културното наследство и претставуваат драгоцен ресурс за креативни идеи и потенцијал во доменот на наследствто.

Млади европски креатори на културно наследство е конкурс наменет за младите луѓе во Европа. Тој им дава можност да ја истражуваат својата околина, да откријат интересни сегменти од нивното наследство и да ги споделат нив со целиот свет. Конкурсот ги охрабрува младите луѓе да го осознаат културното и природното наследство и да ги изразат своите гледишта.

Овој документ има за цел да им помогне на координаторите да ги водат учесниците низ нивните истражувања. Координатори можат да бидат наставници, младински лидери или стручни лица вработени во организации коишто делуваат на полето на културно наследство, како музеи или библиотеки. Тие треба да влеваат доверба и да имаат правна основа во нивната држава за да работат со деца.

### *Улога на кординаторите*

Координаторите помагаат да се организираат групи на деца коишто се заинтересирани за културното наследство. Тие ги запознаваат учесниците со локалното наследство и се грижат за тоа активностите да се реализираат во согласност со политиките на Советот на Европа за безбедност на децата. Пред и за време на изведување на овие активности, треба да се разгледаат „Прирачникот на Советот на Европа за учество на деца Слушај – делувај – промени наменет за стручни лица коишто работат за и со деца“, вклучително и новата „Римска стратегија“ (2022-2027), усвоена од Комитетот на министри на Советот на Европа на 22 февруари 2023 година, како и Стратегијата на ЕУ за права на децата и европската гаранција за децата.

**Координаторите би требало да им дадат поддршка на децата во истражувањето, но не треба да се мешаат во процесот на нивно истражување и креативно изразување.**

## *ЗОШТО ДА УЧЕСТВУВАТЕ?*

Конкурсот Млади европски креатори на културно наследство #HeritageMakers има три основни цели:

**Споделување на искуства:** Собирање приказни за тоа како децата и младите луѓе го разбираат европскиот аспект на нивното локално наследство. Тоа може да биде материјално културно наследство, како споменици на културата, потоа природни предели или културни традиции, како танцување или пеење.

**Препознавање на млади таленти:** Истакнување на работата на младите луѓе заинтересирани за наследството.

**Поврзување низ цела Европа:** Да се обединат младите креатори на културно наследство од различни делови на Европа.

## *КАКО ДА УЧЕСТВУВАТЕ?*

**Организирајте активност:** Осмислете активност на тема „Млади европски креатори на културно наследство“ со група млади луѓе. Учесниците треба да припаѓаат на една од овие **две старосни каегории:** деца родени помеѓу 2013 и 2018 година и млади луѓе родени помеѓу 2007 и 2013 година. Активноста треба да одговори на прашањето: **Што е твоето европско наследство?**

**Презентирајте ги резултатите:** Споделете ги придобивките во форма на видео (во траење до 5 минути) или преку некој друг визуелен медиум (фотографија, слика, цртеж), проследени со текстуален опис од најмногу 800 зборови.

**Поднесете ја вашата креација:** Поставете ја творбата на вашата група на веб страната на Европските денови на културното наследство, заедно со податоците за учесниците и за координаторот.

### *ТЕМА ВО 2024 ГОДИНА*

Темата за 2024 година е „Наследство на културни патеки, вмрежувања и поврзувања“. Ги охрабруваме учесниците да истражуваат приказни за Европа поврзани со оваа тема во материјалното, нематеријалното, природното, или дигиталното наследство.

***Примери на активности:***

- Организирање, како домаќини, на настани за пошироката јавност, работилници или групни дискусии.

- Организирање на потраги, лов на богатство или посета на различни локации на локалното наследство, како музеи, споменици на културата или историски градби.

- Поттикнување на учесниците да го истражуваат нивното семејно културно наследство, преку разговори со постарите генерации, и да ја осознаат историјата на нивната локална заедница.

## *СОГЛАСНОСТ*

Личните податоци на учесниците ќе се користат на база на согласност. Во зависност од возраста и националните закони, оваа согласност може да биде дадена од самиот учесник или од негов родител или старател. За добитниците на награда на европско ниво, ќе биде потребно потпишување на специјален формулар за согласност за медиуми, во врска со учеството на онлаин церемонијата.

***Прашања за истражувањата:***

Што ти значи културното наследство на тебе?

Што знаеш за европското културно наследство?

Која европска приказна можеш да ја најдеш во наследството околу тебе?

Кој е најинтересен дел од твоето локално наследство?

**Координаторите би трбало да ги водат, а НЕ да им даваат инструкци на децата, овозможувајќи им тие самите да го истражуваат културното и природното наследство.**

Од клучно значење е идеите, откритијата и приказните да доаѓаат директно од самите деца. Примарната одговорност на координаторот е да создаде безбедна средина и да даде поддршка, при што децата ќе чуствуваат дека им е дадена можност да ги изразат сопствените гледишта за наследството.

## *Што значи ова?*

**Координаторите би требало:**

Да обезбедат ресурси, како книги, адреси на веб страни или пристап до околните локалитети на културно наследство, коишто децата ќе може да ги користат за да го истражуваат нивното локално наследство.

Да поставуваат отворени прашања коишто ќе ги поттикнат децата да размислуваат подлабоко за она што ги опкружува и за наследството.

Да бидат сигурни дека активностите се во согласност со политиките на Советот на Европа за безбедност на децата.

Да дадат логистичка поддршка за разни потреби, како што се организирање на посети на локалитети на културно наследство и обезбедување на материјали за креативните активности.

**Но ...**

**Координаторите не би требало:**

Да им кажуваат на децата кои аспекти од наследството се значајни или што треба да биде вклучено во нивните проекти.

Да сугерираат конкретни наративи, теми или интерпретации коишто ги рефлектираат личните погледи на координаторот, а не перспективата на децата.

Да ги преуредуваат или повторно пишуваат делата на децата за тие да бидат „перфектни“ или да бидат повеќе во согласност со тоа што возрасните можеби го сметаат за културно наследство.

**Примери на вклученост на координаторите:**

Примери на соодветно координирање:

Ситуација: Група деца разгледуваат локален историски споменик на културата. Едно дете е фасцинирано од приказната за една конкретна историска личност поврзана со локалитетот.

Улога на координаторот: Координаторот може да праша: „Што е тоа што ти е интересно во врска со оваа личност? Што мислиш, како е таа поврзана со историјата на нашиот град?“ Координаторот само го води процесот, без да го насочи детето кон било каков заклучок или наратив.

Примери на несоодветно влијание:

Ситуација: Координаторот знае дека локалната заедница е горда на еден свој традиционален танц и верува дека тој би требало да биде прикажан во проектот на децата.

Несоодветно делување: Координаторот им вели на децата: „Би требало да го вклучите традиционалниот танц, бидејќи тој е значаен дел од нашето културно наследство“.

Корегиран пристап: Наместо тоа, координаторот вели: „Кои традиции на нашата заедница се најинтересни за вас? Дали некои од нив се особено значајни за да ги вклучите“? Овој пристап целосно им ја остава одлуката на децата.

**Поттикнување на оригиналноста:**

Сценарио: Едно дете покажува интерес за истражување во врска со тоа на кој начин модерната технологија е дел од културното наследство.

Одговор на координаторот: Наместо да го обесхрабри овој избор, бидејќи тој можеби не е во согласност со традиционалните погледи на културното наследство, координаторот би можел да каже: „Ова е интересна идеја! Како мислиш дека технологијата влијае на културата на нашата заедница?“ Овој одговор го охрабрува детето да го следи своето оригинално гледиште.

**Зошто е значаен овој пристап**

Со тоа што ќе им дозволиме на децата да го водат истражувањето, ќе бидеме сигурни дека нивните гласови се претставени автентично. Тоа ќе им помогне да стекнат самодоверба во врска со нивната способност да набљудуваат, да анализираат и да го изразат она што е значајно за нив.

Координаторите се таму за да помогнат и инспирираат, но приказната за културното наследство треба секогаш да биде искажана преку очите на децата.

## *КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА?*

Било која **група на млади луѓе** или поединци до 18 години од земјите - учеснички можат да се вклучат во конкурсот. Ќе бидат прифаќани пријави во **две старосни категории: 6-11 години и 11-17 години.**

***Големина на групата***

За **категоријата од 6-11 години нема ограничување за големината на групата.** За **категоријата од 11-17 години, групата треба да се состои од 2-5 учесници**, за да се квалификува за евалуација на европско ниво.

***Критериуми за селекција:***

Сите поднесени трудови што ги задоволуваат предвидените услови ќе бидат објавени како приказни на Младите европски креатори на културно наследство и ќе бидат промовирани на европско ниво. **Доколку креацијата биде одбрана како национален победник, пријавата мора да вклучува и превод на англиски на текстот во описот, поради евалуацијата на европско ниво.**

***Критериуми за евалуација:***

- Оригиналност и креативност
- Колку добро приказната дава одговори на прашањата: Што ти значи културното наследство на тебе? Што знаеш за европското културно наследство? Која европска приказна можеш да ја најдеш во наследството околу тебе? Кој е најинтересен дел од твоето локално наследство?

## *Награди*

Сите поднесени творби ќе бидат објавени на веб страната на ЕДКН, откако националниот координатор ќе потврди дека ги задоволуваат условите предвидени за учество.

На национално ниво, петте најдобри креации од секоја категорја ќе добијат специјални ЕДКН торбички со подароци и сертификати. По еден селектиран труд од секоја категорија ќе биде земен предвид за европската евалуација. На европско ниво, **победниците во категоријата на возраст од 11-17 години ќе имаат можност во 2025 година да го посетат Стразбур, каде што ќе бидат изложени нивните креации**.

***Значајни датуми:***

2 септември – 31 декември 2024: Период за организирање на активности и поднесување на креациите

31 јануари 2025: краен рок за национална евалуација и за селекција на творбите наградени на национално ниво

Февруари 2025: Евалуација на европско ниво

Март 2025 Објавување на креациите наградени на европско ниво

Мај 2025: Изложба во Стразбур и посета на овој град за наградените од категоријата од 11-17 години

## Почетоци

Она што започна како „Креатори на наследство“ во Финска во 2013 година, пред да биде прифатено како прекугранична програмска активност во 2018 година, беше препознаено од Националните координатори на ЕДКН од цела Европа како уникатна можност за ангажирање на младите луѓе, како по електронски пат, така и во нивната непосредна околина.